# ПОЛИТИКА ЗА ИНТЕГРИРАН МЕНАЏМЕНТ СИСТЕМ НА АЛКАЛОИД

Политиката за интегриран менаџмент систем на Алкалоид има функционална вредност во рамките на вкупната политика, стратегија, контекстот на организацијата и корпоративните цели на Алкалоид, согласно позитивните прописи и нормативи на националното и меѓународното право, cGxP и меѓународните стандарди ISO 9001, ISO 14001, како и ISO 13485, ISO 45001, HACCP и FSSC 22000 (кадешто е применливо).

Глобалните одговорности во областа на интегрираниот менаџмент систем (IMS) и посветеноста кон исполнување на применливите барања, се темелат на основните принципи на Политиката:

- Почитување на барањата, информациите и задоволството на нашите корисници и вработените, преку адекватна комуникација при развојот, производството, контролата, складирањето, продажби и дистрибуција на квалитетни, ефикасни и безбедни производи и услуги, управувањето и грижата за животната средина, како и заложбата за безбедност и здравје при работа преку обезбедување безбедни и здрави услови за работа, со што заштитниот знак на АЛКАЛОИД е симбол за високото ниво на сигурност.

- Јасната визија, лидерството и посветеноста на врвното раководството на ИМС се покажува во примена на процесниот пристап во работењето, донесување одлуки врз основа на направените анализи за реализација на целите, елиминирање и намалување на опасности и управување со ризиците, партнерски однос со испорачателите, учесниците во ланците на снабдување и дистрибуција, информирање, консултирање и вклучување на вработените и нивните преставници, сè со цел задоволство на корисниците, деловните партнери, вработените и акционерите, како и со подобрување на IMS на Алкалоид.

- Политиката за IMS и тежнеењето за постојано подобрување, овозможува поголема свесност и општествена одговорност на организацијата.

- Постојаната инспирација и стремеж за заштита и сочувување на најскапоцениот подарок на природата – ЗДРАВЈЕТО ПРЕД СÈ.

Скопје, 17.03.2020 година

Генерален директор
Живко Мукаетов

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ